ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Ул.„Јаким Стојковски" бр.1 2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 10 – 261/4 од 02.11.2026 год.
Пробиштип

Врз основа на член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и бр.212/26 год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр.08-1197/2 од 31.12.2025год., за одобрување на **Планска Програма за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, Општина Пробиштип,** го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА Планска Програма за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, Општина Пробиштип,** со **Тех.бр.63/2026 од Септември.2026 год.,** аплицирана во информацискиот систем *е-урбанизам* во делот на постапките Планска програма (2020), како број на постапка **83184**;
2. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **П= 5.1314 ха;**
3. Составен дел на ова Решение е **Планската Програма за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, Општина Пробиштип,** изработена од страна на планерската куќа Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје., со Лиценца Број:0105 од 07.02.2026 год., а истата ја одобрува Градоначалникот на Општина Пробиштип надлежен за одобрување на урбанистичко – планската документација, врз основа на Предлогот за одобрување на Планската програма од Комисијата за урбанизам;
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (ажурирана геодетска подлога) КП Бр.717/2 и други,КО Пробиштип за изработка на Планска Програма за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, Општина Пробиштип, со Деловоден број 213/20-5 од 26.12.2022 год., изработен од ДГР „ГЕО-СИГМА ГРУП" ДОО Штип, ул.Тошо Арсов бр.56 Штип;
5. Со одобрувањето на **Планската програма** се продолжува постапката за изработка на **Планска Програма за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, Општина Пробиштип**.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр.08-1197/2 од 31.12.2025год., даде Предлог за одобрување на **Планска Програма за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, Општина Пробиштип**, со предвидена класа на намени на земјиштето кои можат да се планираат согласно изводот од ГУП на град Пробиштип за плански период од 1995-2005 (Одлука

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Ул.„Јаким Стојковски" бр.1 2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

бр.08-335/2 од 03.10.1997 год. (Сл.гласник бр.9/1997).и согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26 и бр.248/26 год.), со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните истиот правилник.

- **А – Домување и престој на луѓе**
  -А1 - Домување во куќи
  -А2 – Домување во згради
- **Б – Комерцијални и деловни намени**
  -Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности
  -Б2 – Згради за трговија
  -Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
- **В – Јавни дејности и институции**
  -В1 – Образование и наука
  -В4 – Државни администрации и институции
- **Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори**
  -Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини
- **Е – Инфраструктури**
  -Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
  -Е2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр. 225/20,219/21,104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26 и бр.248/26 год.).

Градоначалникот го разгледа предлогот на Комисијата за урбанизам за одобрување на Планската Програма за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, Општина Пробиштип и констатира дека истата е во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и бр.212/26 год.), и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26 и бр.248/26 год.).

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит

Изготвил: Ј.Дукоска JORDANKA DUKOSKA Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA Date: 2026.11.02 11:43:32 +01'00'
Одобрил: Б.Станојковски

BRANKO STANOJKOVSKI Digitally signed by BRANKO STANOJKOVSKI Date: 2026.11.02 11:59:41 +01'00'

М.П.

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Градоначалник
Тони Тоневски

Toni Tonevski Digitally signed by Toni Tonevski Date: 2026.11.04 13:40:34 +01'00'